Центар за промоција на
одржливи земјоделски практики
и рурален развој

# Можности за финансирање и техничка поддршка на инвестиции во областа на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност во Република Македонија

CeProSARD

info@ceprosard.org.mk
www.ceprosard.org,mk



Оваа брошура е изработена од Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој (ЦеПроСАРД) во рамките на проектот „Промоција на одржливи земјоделски практики, енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија во руралните заедници во Република Македонија - Агроенергија“, со поддршка од Владата на Кралството Шведска.

Информациите и ставовите наведени во оваа брошура им припаѓаат на субјектите чии текстови се опфатени во брошурата и не ги изразуваат ставовите на ЦеПроСАРД или на Владата на Кралството Шведска.

## Содржина:


1. Мерки на владини институции за поддршка на инвестиции во обновливи извори на енергија (ОИЕ) и енергетска ефикасност (ЕЕ) (05)

1.1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (06)
1.1.1. Поддршка од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ (06)

1.2. Министерство за економија на Република Македонија (08)
1.2.1. Обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност во енергетскиот сектор (08)
1.2.2. Поддршка од Министерството за економија (10)

1.3. Агенција за енергетика на Република Македонија (12)
1.3.1. Улогата на Агенцијата за енергетика во поддршката на ОИЕ и ЕЕ (12)
1.3.2. Реализирани проекти (14)

1.4. Министерство за животна средина и просторно планирање (16)
1.4.1. Механизмот за чист развој според Протоколот од Кјото и можностите за негова примена во земјоделскиот сектор во Република Македонија (16)

2. Донатори кои финансираат проекти од областа на ОИЕ и ЕЕ (19)

2.1. Глобален еколошки фонд (ГЕФ) (20)
2.1.1. Улогата на Глобалниот еколошки фонд во поддршката на ОИЕ и ЕЕ (20)
2.1.2. Вовед во Програмата за мали грантови (ПМГ) (21)
2.1.3. Како може да се аплицира за Програмата за мали грантови? (22)

3. Техничка поддршка на инвестиции во обновливи извори и енергетска ефикасност (23-46)

4. Достапни кредитни линии за инвестиции во опрема за искористување на обновливите извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност (47)

4.1. Македонска банка за поддршка на развојот ЕИБ (кредитна линија за енергетска ефикасност) (48)
4.2. Програма за финансирање на одржлива енергија за Западен Балкан (WeBSEFF) (50)
4.3. УСАИД DCA - гарантен механизам за енергетска ефикасност (52)
4.4. Прокредит банка (54)
4.5. Халк банка (56)
4.6. Хабитат-Македонија (58)

# Вовед

Искористувањето на обновливите извори на енергија и подобрувањето на енергетската ефикасност се теми што стануваат сè поактуелни не само на глобално туку и на национално ниво. Недостигот на фосилни горива, климатските промени, загадената животна средина и несигурноста во снабдувањето со енергија се главните причини поради кои примената на обновливите извори на енергија и подобрувањето на енергетската ефикасност се повеќе од неопходни.

Употребата на обновливите извори на енергија е ефективен начин за диверзификација на енергетските извори и придонесува за намалување на зависноста од нафта, јаглен и гас, и претставува една од најсигурните мерки за намалување на емисиите на загадувачки супстанции. Во исто време го зајакнува економскиот раст, отвора нови работни места и поттикнува развој на иновативни технологии. Рационалното користење на енергијата е првиот и најдобриот чекор во борбата против глобалното затоплување.

Политиките и целите на европско ниво се фокусирани на обврзувачка примена на обновливите извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност заради постигнување високо ниво на заштита на животната средина, сигурност во снабдувањето со енергија и зачувување на ограничените природни ресурси. И Република Македонија, како земја со статус на кандидат за членство во Европската унија, презема мерки и спроведува активности за промовирање на примената на обновливите извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност.

Брошурата *Можности за финансирање и техничка поддршка на инвестиции во обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност* опфаќа информации за мерките и активностите што ги преземаат институциите релевантни за опфатената област, тековните проекти, донатори и финансиски институции кои нудат кредитни линии за инвестиции во опрема за искористување на обновливите извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност. Оваа брошура е наменета за широката јавност, со цел подигање на свеста и запознавање со можностите за воведување практики за искористување на обновливите извори на енергија и за воведување мерки за енергетска ефикасност. Брошурата е подготвена во рамките на проектот „Агроенергија“, поддржан од Владата на Кралството Шведска и имплементиран од Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој (ЦеПроСАРД).



1

# Мерки на владини институции за поддршка на инвестиции во обновливи извори на енергија ОИЕ и енергетска ефикасност ЕЕ

# 1.1 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## 1.1.1. Поддршка од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ

Во правец на поддршка на искористувањето на обновливите извори на енергија и подобрувањето на енергетската ефикасност од буџетот на Република Македонија се обезбедуваат средства во рамките на Националната програма за рурален развој за 2012 година.

Поддршката за вакви инвестиции е опфатена во следниве мерки:

### 1.1.1.1. *Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите*

За оваа мерка се издвоени 3.000.000 денари, кои ќе се доделат за:

- одржливо стопанисување со шумите,
- примарна обработка на дрвната маса и обработка на биомаса од шумите и
- репродукција на шумските садници.

Поддршката не се однесува на инвестиции за обновување на шумскиот фонд.

Корисници на средствата се:

- корисници на поддршката за одржливо управување со шумите се приватни сопственици на шуми и/или здруженија на приватни сопственици на шуми;
- корисници на поддршката за примарна обработка на дрвната маса и обработка на биомаса од шумите се микропретпријатија што се занимаваат со обработка на дрвна маса и биомаса;
- корисници на поддршката за репродукција на шумските садници се правни лица регистрирани за производство на шумски садници во согласност со законот.

Поддршката е наменета за трајно и видливо разграничување на приватните шуми доколку е во согласност со планот и програмата за стопанисување со шумите во согласност со Законот за шуми.

Средствата се доделуваат по принципот на кофинансирање на вредноста на прифатливите трошоци во висина од *50%* или *60%* од висината на прифатливите трошоци за преземените инвестиции и активности поврзани со инвестициите во планински подрачја.



### 1.1.1.2. *Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството*

За оваа мерка се издвоени средства во износ од 76.638.000 денари. Средствата ќе бидат наменети за:

- инвестиции наменети за снабдување со електрична енергија и водоснабдување;
- инвестиции наменети за водостопанство;
- инвестиции наменети за инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште;
- активности за консолидација на земјоделското земјиште и подобрување на земјоделското земјиште;
- активности за заштита на земјоделското производство оштетено од природни непогоди - се однесуваат за чистење на каналската мрежа за одводнување и наводнување и регулирање на речните корита заради заштита од поплави.

Корисници на средствата се:

- локалните самоуправи за проекти за инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште и/или снабдување со електрична енергија и водоснабдување на рурални средини и/или заштита на земјоделското производство оштетено од природни непогоди;
- водостопанските претпријатија за проекти за инфраструктура во водостопанството и/или заштита на земјоделското производство оштетено од природни непогоди (освен за регулирање на речните корита заради заштита од поплави);
- јавни претпријатија кои управуваат со хидросистем за проекти за инфраструктура во водостопанството;
- земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства за земјоделскиот имот на земјоделското стопанство за проекти за инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште и/или консолидација на земјоделското земјиште и/или подобрување на земјоделското земјиште.

Висината на поддршката и финансирањето изнесува 100% од износот на прифатливите трошоци.

Повеќе информации може да се преземат од страниците: www.mzsv.gov.mk и www.ipardpa.gov.mk

Министерство

за **економија**

на Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# 1.2.1. Обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност во енергетскиот сектор

Поттикнувањето на инвестиции во обновлива енергија, како и поголемо вклучување на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка и зголемувањето на енергетската ефикасност се едни од главните стратешки цели на Владата на Република Македонија во енергетскиот сектор. Секако, за успешна имплементација на вакви мерки и од страна на Република Македонија, како земја-кандидатка и идна членка на Европската унија, активно работиме на усогласување на европското законодавство, особено во областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија, што треба да претставува легална рамка за унапредување на сите натамошни мерки во овие области од енергетиката.

Во Република Македонија постојат поволни услови за искористување на обновливите извори на енергија, како што се: хидроенергијата, геотермалната енергија, сончевата енергија, биомасата и ветерната енергија.

Владата на Република Македонија, како стимулативни мерки за поттикнување на инвестициите во обновливи извори на енергија со Уредбата за повластени тарифи („Службен весник на Република Македонија", бр. 176/11 и 19/12), ги утврди повластените тарифи за произведена електрична енергија од мали хидроелектрични централи, ветерна електроцентрала, фотонапонска централа, термоелектроцентрали на биогас и термоелектроцентрали на биомаса.

Во следните табели се прикажани повластените тарифи за електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија.



ПОВЛАСТЕНИ ТАРИФИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

| Ред. Бр. | Вид на електрана | Висина на повластена тарифа €¢/kWh | Времетраење на повластена тарифа | Ограничување по постројка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ХИДРОЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ (количество на испорачана електрична енергија по блокови (kWh)) | повластена тарифа за испорачаната електрична енергија по блокови (€¢/kWh) | 20 години | = 10 MW |
| I | = 85.000 | 12,00 | | |
| II | > 85.000 и ? 170.000 | 8,00 | | |
| III | > 170.000 и ? 350.000 | 6,00 | | |
| IV | > 350.000 и ? 700.000 | 5,00 | | |
| V | > 700.000 | 4,50 | | |
| 2 | ВЕТЕРНА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА | повластената тарифа за електричната енергија произведена и испорачана - 8,9 €¢/kWh | 20 години | 50 MW |
| 3 | ФОТОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ (инсталирана моќност на електроцентралата) | повластените тарифи за електричната енергија произведена и испорачана | 15 години | = 1 MW |
| | = 0,050 MW | 30 €¢/kWh | | |
| | > 0,050 MW- = 1 MW | 26 €¢/kWh | | |
| Ред. бр. | Вид на електрана | Висина на повластена тарифа €¢/kWh | Времетраење на повластена тарифа | Ограничување по постројка |
| 4 | ТЕРМОЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ НА БИОМАСА[1] инсталирана моќност на електроцентралата | ако процентуалното учество на фосилните горива во вкупната енергетска вредност на употребените горива е помало или еднакво на 15%, повластените тарифи за електричната енергија произведена и испорачана од термоелектроцентрали што користат биомаса се: | 15 години | = 3 MW |
| | = 1 MW | 11 €¢/kWh | | |
| | > 1 MW- = 3 MW | 10 €¢/kWh | | |
| Ред. бр. | Вид на електрана | Висина на повластена тарифа €¢/kWh | Времетраење на повластена тарифа | Ограничување по постројка |
| 5 | ТЕРМОЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ НА БИОГАС[2] инсталирана моќност на електроцентралата | ако процентуалното учество на фосилните горива во вкупната енергетска вредност на употребените горива е помало или еднакво на 10%, повластените тарифи за електричната енергија произведена и испорачана од термоелектроцентрали што користат биогас се: | 15 години | = 2 MW |
| | = 1 MW | 15 €¢/kWh | | |
| | > 1 MW- = 2 MW | 13 €¢/kWh | | |

(1) Ако процентуалното учество на фосилните горива во вкупната енергетска вредност на употребените горива е поголемо од 15%, а помало или еднакво на 30%, намалените повластени тарифи се пресметуваат според следнава формула:
$PT = PT_0 \times (1{,}15 - p \times 0{,}01) \times 0{,}01$ - каде што: *PT* е намалената повластена тарифа; $PT_0$ е тарифата од став (5) на овој член, во зависност од инсталираната моќност на електроцентралата; со *p* е означен процентот на учество на фосилните горива, утврден од Министерството.

(2) Ако учеството на фосилните горива во вкупната енергетска вредност на употребените горива е поголемо од 10%, а помало или еднакво на 20%, намалените повластени тарифи се пресметуваат според следнава формула:
$PT = PT_0 \times (1{,}10 - p \times 0{,}01) \times 0{,}01$ - каде што: *PT* е намалената повластена тарифа; $PT_0$ е тарифата од став (5) на овој член, во зависност од инсталираната моќност на електроцентралата; со *p* е означен процентот на учество на фосилните горива, утврден од Министерството.

1.2.2.

# Поддршка од Министерството за економија



Министерството за економија заради стимулирање на користењето на сончевата енергија во Република Македонија, во изминатиот период, односно во 2007, во 2009 и во 2011 година успешно ја спроведе стимулативната мерка за субвенционирање на домаќинствата кои во своите домови инсталираа сончеви термални колекторски системи, во висина од 30% од вкупната инвестиција, но не повеќе од 300 евра по домаќинство.

Исто така, во 2012 година Владата на Република Македонија донесе програма за надоместување на дел од трошоците за купените и вградените сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2012 година („Службен весник на Република Македонија", бр. 12/12 и 53/12). Во согласност со предметната програма, Министерството за економија на 31 јануари објави јавен оглас за надоместување на дел од трошоците за купените и вградените сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2012 година и истиот е отворен до 31 мај 2012 година.

Министерството за економија, во рамките на одобрените финансиски средства, на домаќинствата кои ќе купат и вградат во своите домови соларни колекторски системи по денот на објавувањето на Јавниот оглас, заклучно со 31 мај 2012 година, ќе им обезбеди поврат на дел од средствата што ги потрошиле за обезбедување сончеви термални колекторски системи до 30%, но не повеќе од 300 евра во денарска противвредност, под услов купувачот да го нема користено правото на поврат на дел од средствата за обезбедување и вградување на сончеви термални колекторски системи во својот дом врз основа на претходните јавни огласи на Министерството за економија за надоместување на дел од трошоците за купените и вградените сончеви термални колекторски системи објавени во 2007, 2009 и 2011 година.

Подетални информации за оваа стимулативна мерка може да се најдат на страницата на Министерството за економија: www.economy.gov.mk

# 1.3.

# Агенција за енергетика на Република Македонија

## 1.3.1. Улогата на Агенцијата за енергетика во поддршката на ОИЕ и ЕЕ

Агенцијата за енергетика на Република Македонија (АЕРМ) го поддржува спроведувањето на енергетската политика на Владата преку подготовка на енергетски стратегии, предлози за законски и подзаконски акти, развојни планови и програми, со особен акцент на енергетската ефикасност (ЕЕ) и користењето на обновливи извори на енергија (ОИЕ). Агенцијата за енергетика има мандат да предводи, дава иницијативи, координира изработка на студии и проекти за ЕЕ и користење на обновливи извори на енергија во насока на успешно исполнување на акциониот план за реализација на Стратегијата за енергетска ефикасност на РМ.

Агенцијата е клучен медијатор за препорака и добивање финансиска поддршка за проекти во доменот за ЕЕ и ОИЕ од донаторите и комерцијалните банки, но директно не финансира проекти. Покрај тоа, Агенцијата обезбедува техничко-финансиска поддршка за обуки, семинари, конференции и презентации за подготовка на проекти, професионална надградба и реализација на проекти за ЕЕ и ОИЕ и обезбедува поефикасен трансфер на знаења, примена на *know-how* технологии и успешни примери од регионот и пошироко.



Агенцијата има законска обврска да издава гаранции за потеклото на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија и високоефикасни комбинирани постројки, одобренија за мерење на потенцијалот на ветерната енергија, потврди за исполнување на критериумите за стекнување статус на повластен производител, на секои пет години да го изработува националниот енергетски биланс, да дава мислења по поднесени тригодишни предлог-програми за енергетска ефикасност на единиците на локалната самоуправа, и упис во регистри во согласност со Законот за енергетика и соодветната подзаконска регулатива. Специфични надлежности на Агенцијата се и следниве:

- развива и реализира промотивни активности за зголемување на енергетската ефикасност и развивање и зголемена примена на обновливите извори на енергија, преку промоција на современи и поефикасни методи, техники и технологии за штедење на енергијата, супституција на енергентите и воопшто порационално користење на енергијата;
- обезбедува целосни информации за потребите на потенцијалните инвеститори, нивно запознавање со процедурите за инвестирање во проекти од областа на производството на електрична енергија од обновливи извори и проекти со кои се воведуваат мерки за енергетска ефикасност;
- подготвува долгорочни и краткорочни програми;
- иницира, предлага и координира изработка на студии и проекти од областа на енергетската ефикасност и зголемување на ефикасноста во експлоатацијата и обновливите извори на енергија преку поттикнување на користење на сончевата енергија, енергијата на ветерот, геотермалната енергија, енергијата добиена од биомаса, и зголемено користење на хидропотенцијалот;
- предлага вградување на мерки за заштита на животната средина во енергетските проекти;
- координира регионални проекти;
- подготвува предлози на законски, подзаконски акти и технички прописи од областа на енергетиката.

Наслов на проектот

## „Енергетска ефикасност и обновливост - енергетска политика за поддршка на локално ниво - ENER SUPPLY“

Главна цел

Поддршка на локалните самоуправи во Скопје и Охрид за имплементација на проекти од областа на обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност.

Резиме на проектот

Целта на овој проект е да им се даде поддршка на локалните власти во подобрувањето на енергетскиот биланс преку зголемено користење на обновливи извори на енергија и мерки за енергетска ефикасност.

Оваа цел ќе биде исполнета со преземање на следниве активности:

- пренесување на техничко и законодавно знаење од страна на експерти од ЕУ на вработените во локалните самоуправи во земјите од ЈИЕ преку одржување на разни обуки;
- размена на добри практики во полето на менаџмент со енергетските ресурси преку запознавање со концептот на системите за енергетски менаџмент;
- развој на териториите преку поставување шема на можности за инвестирање во ОИЕ и ЕЕ и развивање на дигитални мапи за ОИЕ и физибилити-студии.

Временска рамка: јуни 2010 г. - март 2012 г.

Донатор: Европска унија, преку Делегацијата на Европската унија во Р. Македонија

Буџет: 45.224 евра

Повеќе информации

Овој проект е наменет за земјите од Југоисточна Европа и во него се вклучени 11 земји, со вкупно 13 партнери, каде што водечки партнер е општината Потенза од Италија. Во Република Македонија овој проект се имплементира во Скопје и во Охрид.

Заради успешна имплементација на проектот, преземени се следниве активности:

- организирани се обуки за обновливи извори на енергија и систем за енергетски менаџмент за претставници од локалните самоуправи во Скопје и Охрид;
- набавена е опрема за извршување енергетска ревизија на објекти и со неа е направена енергетска ревизија на една градинка и на едно основно училиште во Скопје;
- во тек е изработка на дигитална мапа за геотермална енергија за целата територија на Република Македонија, а се планира и изработка на дигитална мапа за потенцијалот на хидроенергијата на одредени реки во Република Македонија;
- во тек е изработка на физибилити-студија за основно училиште за биомаса.



Наслов на проектот

## „Воспоставување на база на податоци за ветерна енергија во Република Македонија“ и „Инфоцентар за енергетика“

Главна цел

Набавка на една опрема за мерење на ветерната енергија што ќе се постави на територијата на Република Македонија и, исто така, отворање на Инфоцентар за енергетика во Скопје.

Резиме на проектот

На Агенцијата за енергетика на Република Македонија и?беше доделена донација за набавка на една мерна станица за ветерна енергија доделена од италијанското Министерство за животна средина, земја и море. Набавката на опремата треба да се изврши заедно со набавката на опремата за мерење на ветерната енергија предвидена со ГЕФ-проектот.

Поради поврзаноста на овие два проекта и отежнатата состојба во која се наоѓа ГЕФ-проектот, процесот за набавка на опремата е во мал застој. Исто така, од италијанското Министерство за животна средина, земја и море беше доделена донација за отворање на првиот Инфоцентар за енергетика во Република Македонија. Инфоцентарот за енергетика беше отворен на 6.9.2010 година од страна на Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

Целите на Инфоцентарот за енергетика се фокусираат на обезбедување на елементарни информации, како и на зголемување на познавањето и примената на мерките за енергетска ефикасност и зголемено користење на обновливите извори на енергија.

Временска рамка

февруари 2009 г. - март 2012 г.

Донатор

Министерство за животна средина, земја и море на Република Италија

Буџет

70.000 евра



# 1.4. Министерство

## за животна средина и просторно планирање

### 1.4.1 Механизмот за чист развој според Протоколот од Кјото и можностите за негова примена во земјоделскиот сектор во Република Македонија

Владата на Република Македонија ги препозна поволностите што произлегуваат со спроведувањето на еден од трите механизми на Протоколот од Кјото (т.н. механизам за чист развој), како дополнителен механизам во привлекувањето странски инвестиции во земјата.

Целта на механизмот е:

- да им се помогне на земјите од Анекс 1 да ги исполнат своите обврски во однос на намалувањето на емисиите и
- да се придонесе кон одржлив развој на земјите што не се наведени во Анекс 1 (како што е во моментов статусот на нашата држава).

Првата цел им овозможува на развиените земји да исполнат дел од нивните обврски за намалување на стакленичките гасови преку проекти во земјите во развој или во транзиција кои ги намалуваат емисиите на стакленички гасови преку промовирање на обновлива енергија, енергетска ефикасност, подобрување на управувањето со отпадот, пошумување и други активности со кои се заробуваат емисиите на стакленички гасови.

Втората цел на CDM им овозможува на земјите во развој да привлечат дополнителни инвестиции за постигнување на своите цели на одржлив развој преку продажба на потврдени намалувања на емисии (CER), како резултат од спроведувањето на CDM-проекти. Земјата инвеститор потоа може да ги вклучи таквите CER-ови во вкупното намалување на емисиите во однос на сопствените национални обврски за намалување на стакленичките гасови.

Услов за учество во механизмот како земја-домаќин на проекти според овој механизам е да се има назначено т.н. одговорен национален орган (Designated National Authority - DNA), кој ги има следниве одговорности:

1) воспоставување на национални правила за соодветноста, доставувањето и одобрувањето на CDM-проектите;
2) обезбедување сообразност на CDM-проектот со националните критериуми за одржлив развој;
3) потврдување на сообразноста на CDM-проектот со другите критериуми за соодветност на проектите во земјата, како што е оцена на влијанијата врз животната средина (Enviromental Impact Assessment - EIA); и
4) издавање писмо со одобрение од земјата-домаќин за CDM-проектите реализирани во Македонија, вклучувајќи потврда дека проектот е спроведен на доброволна основа.





Покрај тоа, *DNA* може да се вклучи и во информирањето за проектите, во активностите за обука на потенцијалните изготвувачи на проекти, во создавањето база на податоци за потенцијалните можности за *CDM*-проекти и во промотивните активности насочени кон меѓународните инвеститори и јаглеродни фондови. Сите овие предуслови се исполнети од страна на нашата држава.

Владата на Република Македонија во февруари 2006 г. ја усвои Националната стратегија за првиот период на обврски според Протоколот од Кјото 2008-2012, со што се усвоија и правилата и процедурите за спроведување проекти според овој механизам. Тие се транспарентни и достапни на веб-страницата на Министерството (www.moepp.gov.mk, www.unfccc.org.mk). Ние сме првата земја од регионот што постави надлежен национален орган за координирање на активностите за спроведување на овој механизам и тој е вграден во изменетиот и дополнет Закон за животна средина.

Потпишани се три меморандуми за јаглеродно финансирање: со Република Италија, со Словенија и со јаглеродниот фонд на Милениумските развојни цели на УНДП. Механизмот за чист развој е анализиран како дополнителен финансиски механизам во повеќе стратешки национални документи, како што се: Стратегијата за одржлив развој, Националната стратегија за инвестиции во животната средина, Стратегијата за развој на енергетиката во РМ до 2030 г., Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија во РМ до 2020 г., Стратегијата за енергетска ефикасност на РМ до 2020 г. итн.

Националната стратегија за првиот период на обврски според Протоколот од Кјото 2008-2012 дава преглед на потенцијалот за јаглеродно финансирање во повеќе области, како што се: секторот енергија (со потсекторите енергетска ефикасност и обновливи енергетски извори, рехабилитација на големи хидро-електрани и замена на горива), секторот отпад (општински и индустриски отпад, како и отпад од секторите земјоделство и шумарство), како и самиот сектор шумарство (како

Земјоделскиот сектор игра многу важна улога во македонската економија и сочинува повеќе од 10% од БДП на земјата. Според тоа, и овој сектор е еден од најголемите производители на отпад. Не постојат формални системи на прибирање на отпадот од земјоделството, освен системите на самите поединечни земјоделци и земјоделски претпријатија.

Според НЕАП, практиките на управување со земјоделскиот отпад во Македонија се застарени и често не ги исполнуваат техничките и еколошките барања: употребата на биоенергија, особено производството на биогас од земјоделски отпад, може потенцијално да стане значаен алтернативен извор на чиста и еколошки безопасна енергија за македонскиот земјоделски сектор. Присуството на големи количества органски отпад е потенцијален извор на биогас, кој може да се добие од отпадот преку анаеробен дигестивен процес и потоа да се употреби за производство на топлина и електрична енергија.

Од тековната перспектива на пазарот на CDM, едни од најатрактивните проекти во македонскиот земјоделски сектор можат да бидат оние што целат кон изградба на биодигестатори за добивање и употреба на биогас од фармите за добиток и живинарските фарми, поради тоа што тие доведуваат до намалување на емисиите на метан ($CH_4$), стакленички гас чиј потенцијал за глобално затоплување е 21 пат поголем од оној на $CO_2$.

Овој вид проекти имаат добар потенцијал во Македонија, поради присуството на голем и добро развиен сектор за живинарство и сточарство.

Освен тоа, проектите за управување со земјоделскиот отпад обично се поврзани со значителна социјална и еколошка полза за локалните заедници, како што се: нови можности за вработување квалификувана рурална работна сила, производство на евтини и еколошки чисти ѓубрива за земјоделците и поединечните семејства, како и намалување на загадувањето со нитрати и намалување на мирисот од арското ѓубриво. Постоењето на одобрени CDM-методологии, краткиот период на спроведување и умерените трошоци за отпочнување дејност ги прават овој вид проекти интересни за потенцијалните CDM-инвеститори.

Во нашата држава веќе се спроведуваат поголем број проекти според овој механизам во различни сектори. Министерството за животна средина и просторно планирање досега има издадено осум писма на немање забелешки (од кои едно за постројка за добивање електрична енергија од биогас-биомаса од анимално и растително потекло во источна Македонија) и три писма на одобрување на поднесените CDM-проекти, како неопходен чекор во финалното одобрување/одбивање на проектот од страна на авторизирано тело за регистрација на проектите формирано од страна на Обединетите нации. Во РМ постои висок потенцијал за јаглеродно финансирање. Македонската економија се карактеризира со релативно високо ниво на потрошувачка на енергија и емисии на стакленички гасови по единица БДП (едно од највисоките нивоа во земјите од Централна и од Источна Европа). Високиот сооднос на емисиите на стакленички гасови наспроти економските резултати (интензитет на стакленички гасови или на јаглерод) сигнализира висок степен на ефективност на потенцијалните CDM-проекти, затоа што навестува дека за 1 долар инвестиции може да се постигнат големи намалувања на емисиите на стакленички гасови. Релативно повисокиот потенцијал на Македонија за намалување на емисиите во однос на другите земји од Централна и од Источна Европа, исто така, произлегува од фактот што енергетскиот сектор во Македонија во голема мера зависи од термоенергијата, која е заснована на јаглен и лигнит, па така, сите мерки со кои ќе се замени користењето на јаглен и лигнит имаат изгледи да доведат до големи намалувања на емисиите и, според тоа, да станат поатрактивни за CDM.



За повеќе информации:
Министерство за животна средина и просторно планирање,
бул. Гоце Делчев, б.б., 10 кат, 1000 Скопје;
и на www.moepp.gov.mk,
во делот за климатските промени и механизмот за чист развој.

2.1.1.

# Улогата на Глобалниот еколошки фонд во поддршката на ОИЕ и ЕЕ

Глобалниот еколошки фонд обезбедува финансиска помош за државите во развој и за државите со економии во транзиција за покривање на зголемените трошоци во врска со заштитата и управувањето со глобалната животна средина.

ГЕФ-програмата за мали грантови (ПМГ) е корпоративен дел од ГЕФ. Спроведувана е од УНДП во име на трите спроведувачки агенции на ГЕФ (Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП)), Светска банка и Програмата за животна средина на Обединетите нации (УНЕП), а извршувана е од Канцеларијата за проектни услуги на Обединетите нации (УНОПС). Уште од самиот почеток во 1992 година, ГЕФ - ПМГ преку поддршката на здруженија на граѓани (ЗГ), промовира основни активности за адресирање на глобалните грижи во областа на животната средина. ПМГ има цел да доведе до глобални еколошки придобивки во централните области на ГЕФ:

- зачувување на биолошката разновидност;
- заштита на меѓународните води;
- ублажување на климатските промени;
- спречување на деградација на земјиштето (примарно обесшумување и ерозија);
- отстранување на неразградливите органски загадувачи (НОЗ) преку локални пристапи.

Цел: Глобални еколошки придобивки обезбедени во централните области на ГЕФ преку иницијативи и активности базирани на локално ниво (на заедницата). Придобивките се: заштитена животна средина, намалена сиромаштија и одржлив локален развој.

ГЕФ - ПМГ работи на децентрализиран, демократски и транспарентен начин, преку Националниот координатор и волонтерскиот Национален управувачки комитет (НУК) на национално ниво, како и преку Централниот тим за управување на Програмата (СТМУ) во Њујорк, САД. Во Македонија, ГЕФ - ПМГ официјално започна со номинацијата на Националниот координатор на 1 мај 2005 година. Првите грантови беа доделени во февруари 2006 година.



2.1.2.

# Вовед во Програмата за мали грантови (ПМГ)

Основни корисници на ГЕФ - ПМГ се здруженија на граѓани во областа на животната средина, со воспоставена соработка со локалната самоуправа и ранливите групи (во изолирани заедници, рурално население, млада популација, жени, малцинства, невработени).

Поднесените предлог-проекти треба да ги опфатат централните области на ГЕФ - ПМГ:

- зачувување на биолошката разновидност;
- заштита на меѓународните води;
- намалување на гасовите што предизвикуваат климатски промени;
- спречување на деградација на земјиштето (примарно обесшумувањето и опустувањето); и
- отстранување на неразградливите органски загадувачи (ПОПс) преку локални пристапи.

# 2.1.3. Како може да се аплицира за Програмата за мали грантови?

ПМГ поаѓа од ставот дека глобалните еколошки проблеми најдобро можат да бидат адресирани доколку во нивното решавање се вклучени луѓето од локалните заедници и доколку тие имаат директна корист од тоа. За да можат да бидат финансирани предлог-проектите од ПМГ, тие треба да ги изразуваат критериумите наведени во *Програмската стратегија на земјата* за ПМГ, одобрена од волонтерскиот Национален управувачки комитет (НУК), кој е, всушност, одговорен за финалното одобрување на грантовите, за помош при изработката на предлог-проектите, како и за нивно следење и оценување. Упатствата, критериумите и формуларите даваат детални податоци за тоа кој, како, кога, каде и зошто да поднесе предлог-проект.
Потенцијални видови проектни активности што би можеле да бидат соодветни за финансирање од страна на ГЕФ - ПМГ:

- Во областа на *биолошката разновидност*, активностите треба да ги промовираат заштитата и одржливото користење на биолошките ресурси во сушните и во полусушните предели, водните и крајбрежните екосистеми, шумските екосистеми и планинските екосистеми.
- Во областа на *климатските промени,* активностите треба да демонстрираат отстранување на локалните бариери за зачувување на енергијата и за енергетска ефикасност или промовирање на користењето на обновливи извори на енергија.
- Во областа на *меѓународните води*, активностите треба да се однесуваат на: еколошкиот акцент на меѓуграничните водни површини, заканите од површинско и подземно загадување кои го одредуваат квалитетот на водите, превенција од опасни супстанции и тешки метали што не можат да бидат неутрализирани во водните екосистеми и сл.
- Во областа на *деградацијата на земјиштето,* активностите треба да се однесуваат на: заштита и реставрација на сушни и полусушни области, интегрирано управување со водните површини, заштита на земјиштето, пошумување, заштита од шумски пожари и сл.
- Во областа на *неразградливите органски загадувачи (ПОПс),* активностите може да се во областа на реализирањето на планираните активности во Националниот имплементациски план за редукција и елиминација на НОЗ во Македонија, како и демонстрација на иновативни и кост-ефективни технологии и примени (несогорување на производи, чисти технологии итн.).

Упатствата, критериумите, формуларите и подеталните информации може да се преземат од страницата http://www.gefsgpmacedonia.org.mk,или со обраќање на info@gefsgpmacedonia.org.mk



# 3. Техничка поддршка на инвестиции во обновливи извори на енергија ОИЕ и енергетска ефикасност ЕЕ

Тековни проекти што се спроведуваат во Република Македонија

# 3.1.

Наслов на проектот

## „ГЕФ - Проект за одржлива енергија“

Имплементиран од:

Единица за спроведување на проектот,
Министерство за економија

Главна цел

Главната развојна цел на проектот се состои во развивање на одржлив пазар за услуги од областа на енергетската ефикасност (ЕЕ) и обновливите извори на енергија (ОЕ), поддржувајќи го развојот на соодветно опкружување, институционален капацитет и неопходни механизми за финансирање.

Резиме на проектот

Три компоненти:
1. институционална поддршка, техничка помош и поддршка за управување со проектот (1,5 милиони американски долари);
2. финансиска поддршка за ЕЕ во јавни згради (2,5 милиони американски долари);
3. фонд за финансирање на одржлива енергија - кредитна линија за обновлива енергија/енергетска ефикасност (1,5 милиони американски долари).

Временска рамка

јули 2007 г. - септември 2012 г.

Донатор

Глобален еколошки фонд (ГЕФ), преку Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), како надлежна институција за управување.

Буџет

5,5 милиони американски долари

Повеќе информации

www.gef-piu.mk



# 3.2.

Наслов на проектот

## „Јакнење на одржливо приватно и децентрализирано шумарство“

Имплементиран од:

SNV и SIDA

Главна цел

Развој и имлементација на иновативни практики за одржливо стопанисување со приватни шуми.

Резиме на проектот

Овој проект се спроведува заради воведување и претставување на агро-шумарски практики во Република Македонија преку воведување и одгледување на брзорастечки видови на земјоделско земјиште што не е погодно за земјоделско производство.

Временска рамка

2010-2013 г.

Донатор

SIDA 80%, SNV 20%

Буџет

Активностите се дел од поголем проект и не може да се издвои буџетот за овие активности.

Повеќе информации

Биомасата произведена од дрво сè повеќе се користи за енергија, особено за греење. Моментално во Македонија (балканскиот регион), сепак, претежно се користи како огревно дрво. Производството и употребата на дрвна иверка и/или пелети е ограничено, за разлика од ваквиот пазар кој рапидно расте во ЕУ. Брзорастечките видови дрвја нудат добра можност за производство на биомаса за енергија.

Во Македонија многу земјоделски земјишта не се искористени или се многу малку искористени. Некои од овие земјишта не се многу погодни за земјоделско производство, но може да се искористат за одгледување на брзорастечки видови дрвја и за производство на биомаса. Ваквите дрвја може, исто така, да се постават на меѓите на постојното земјоделско земјиште, за заштита од ветар или, пак, може да се постават на аглите на земјоделските површини. Покрај производството на биомаса од дрвја, појасот од дрвја, исто така, исполнува функции, како: заштита од ветар, подобрување на микроклимата, намалување на поплавувањето кај мочурливите површини или контрола на ерозијата на речните брегови.

Во рамките на овој проект неколку локации беа засадени со брзорастечки видови, како *Salix Alba var. Express* и *Robinia Pseudoacacia var. Turbo* во 2010 и во 2011 година. За 2012 година, во рамките на проектот е планирано следење на растот и развојот на засадените локации и видовите дрвја, како и оценување на можностите за производство на биомаса за енергетски цели.

3.3.

Наслов на проектот

# „Почиста и поефективна индустрија во Македонија - CCEI“

Имплементиран од:

„Норск енерги“ и
Центарот за климатски промени

Главна цел

Целта на проектот е да придонесе за намалување на емисиите на стакленички гасови, како и за поенергетски ефикасна индустрија во Македонија. Проектот ќе ги лоцира бариерите за имплементација на проекти преку зголемување на локалната конкуренција, зголемување на свесноста, развивање на проекти од областа на климатските промени подготвени за финансирање, како и подобрување на дијалогот меѓу институциите, академскиот сектор, индустријата и финансиските институции.

Резиме на проектот

Проектот има три компоненти:

1. Енергетска ефикасност - оваа компонента им нуди техничка помош на компаниите од тешката индустрија во Македонија. Компаниите избрани на јавен конкурс добиваат техничка помош во идентификување на мерките за штедење енергија во своите постројки, за што се изработени претфизибилити-студии. По финализирањето на претфизибилити-студиите, проектите за енергетска ефикасност се презентирани пред финансиските институции заради обезбедување средства за реализација на тие проекти. Програмата, исто така, може да понуди помош и во подготовката на потребната документација за финансирање на квалификуваните проекти.

2. Управување со животната средина (EMS) - целта на оваа компонента е да им помогне на индустриските компании со имплементација на систем за управување со животната средина на таков начин што компанијата ќе стане поконкурентна и препознаена на пазарот. Подобрените еколошки перформанси на индустриите, исто така, ќе им помогнат да се адаптираат и да ги исполнат идните обврски што произлегуваат од европската регулатива.

3. Студентска размена на млади професионалци ќе го зголеми потенцијалот за идна прекугранична соработка. CCEI затоа вклучува и компонента за студентска размена со практика. Во 2010 година, двајца студенти, еден од Македонија и еден од Норвешка, поминаа низ студентска практика поврзана со своите студии. Нивната работа беше под супервизија на норвешки и македонски експерти.

Временска рамка

2009-2012 г.

Донатор

Министерство за надворешни работи на Кралството Норвешка

Повеќе информации

Проектот е финансиран од норвешката Влада, преку норвешкото Министерство за надворешни работи и имплементиран од конзорциум, кој се состои од „Норск енерги“ и Центарот за климатски промени - Скопје: www.ccei.org.mk



# 3.4.

**Наслов на проектот**

## „Надградба на капацитетите за искористување на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност на општините од Југоисточна Европа“

**Имплементиран од:**

„Балкан нет“

**Главна цел**

Поддршка на општините да започнат процес на систематска модернизација на своите општински енергетски системи кон поголема
- енергетска ефикасност и
- употреба на обновливи енергетски ресурси.

Генерирање на локалната вредност од децентрализираното производство на енергија.

**Резиме на проектот**

Проектот има цел да им обезбеди на општините учеснички да ја зголемат својата енергетска ефикасност (ЕЕ) и својата употреба на обновливи извори на енергија (URER) во нивните енергетски системи.

**Временска рамка**

2011-2014 (3 години)

**Донатор**

„Deutsche Gesellschaft für internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH“

**Буџет**

приближно 300.000 евра

**Повеќе информации**

Меѓународниот проект „Надградба на капацитетите за искористување на обновливи извори на енергија (URER) и енергетска ефикасност (ЕЕ) на општините од Југоисточна Европа“ ќе се спроведе помеѓу 2011 и 2014 година во регионот на Југоисточна Европа.
???????? ? ??????? ?? ?? „Deutsche Gesellschaft für internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH“, www.giz.de (поранешен „InWEnt“), и е финансиран од германското Министерство за економска соработка и развој (www.bmz.de). Регионален координатор на проектот е Меѓународната фондација „Балкан нет“ (www.balkannet.eu), со седиште во Скопје, Македонија.
Следниве општини од регионот активно ќе учествуваат во проектот:
- Општина Струмица;
- Општина Какањ, Босна и Херцеговина;
- Општина Мездра, Бугарија;
- Општина Панчево, Србија;
- Општина Скадар, Албанија;
- Општина Гњилане, Косово;
- Општина Мојковац, Црна Гора;
- Општина Кешан, Турција.



Претставници и експерти од областа на енергетската ефикасност од германската компанија „Green City Energy“ се одговорни за обуката и трансферот на знаења.

Најважни очекувани резултати од проектот се следниве:
I. општински енергетски концепти / развивање и изготвување стратегии - енергетски патокази;
II. изготвување студии за проекти од областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија;
III. пристап до извори на финансирање за спроведување на општински пилот-проекти за енергетски инвестиции;
IV. достапност на искуствата и научените лекции на регионално ниво и одржување на процесот на модернизација.

Проектот, исто така, придонесува за создавање свест за целите и можностите на ЕЕ и URER во енергетските системи на целните општини. Ова е поддржано преку регионалната размена на искуства и трансфер на применливи знаења и вештини преку обезбедување обука, алатки и најдобри практични примери.

Проектните активности вклучуваат: изготвување општински концепти за енергетската ефикасност, подготовка на комунални енергетски стратегии, изготвување студии за инвестиции од областа на енергетската ефикасност, проценка на барањата поврзани со управувањето, идентификација на извори и процедури за финансирање и инвестирање, создавање концепти и финансиски шеми за енергетски договори, како и испорака на алатки, вештини и организација за ефикасно управување на модерните комунални енергетски системи.

Проектот, исто така, вклучува одржување на интернет-платформа (www.energy-poject.info) за поврзување и комуникација меѓу општините во рамките на периодот од четири години, за време на спроведувањето на проектот, овозможувајќи дијалози, студиски патувања и посети на меѓународни саеми за енергија, во соодветни компании и општини во Германија и во Австрија.

Проектот на секоја општина-учесник и овозможува модернизација на нејзиниот енергетски систем за поголема ефикасност, зголемување на економската ефикасност и одржливост.

Жан Станоевски,
регионален проект-координатор,
Меѓународна фондација „Балкан нет“
Контакт-информации:
jean.stanoevski@balkannet.eu
тел.: +389 2 3298 534

# 3.5.

Наслов на проектот

## „Намалување на CO2 преку замена на фосилно гориво со биомаса - дрвен отпад“

Имплементиран од:

Национално здружение на сопственици на приватни шуми

Главна цел

Намалување на емисиите на $CO_2$ и создавање приход за НВО.

Резиме на проектот

Овој проект ќе придонесе кон остварување на целите на ГЕФ - ПМГ проектот во централната област: климатски промени. Ова ќе се постигне со замена на фосилното гориво со обновлив извор на енергија, а во исто време и со воведување на поефикасен систем за греење, кој ќе го доведе на минимум испуштањето на издувни гасови во атмосферата. Со овој проект, исто така, ќе се придонесе за развој на руралната економија, преку вклучување на сопствениците на приватни шуми (СПШ) од Берово во производство и дистрибуција на дрвна иверка што би се користела како гориво за загревање на училишната зграда во селото Двориште - Општина Берово.

Временска рамка

декември 2011 г. - мај 2013 г.

Донатор

ГЕФ - ПМГ (Глобален еколошки фонд - Програма за мали грантови), СНВ Македонија (Холандска развојна организација) и Општина Берово

Буџет

61.087 американски долари

Повеќе информации

Климатските промени се дел од нашето општество, сакале тоа да го признаеме или не. Додека европските земји (Австрија, Финска, Германија, Италија, Норвешка, Шведска и др.) се обидуваат да ја зголемат ефикасноста и да се користат обновливи извори на енергија како придонес во намалувањето на ефектите од климатските промени, Македонија заостанува во оваа област.
Сведоци сме дека ние ги користиме скапите извори на енергија со големи емисии на стакленички гасови, нешто што сè уште не е причина да се фокусираме на други извори на енергија што се поефикасни и еколошки. Затоа овој проект ќе се обиде да промовира користење на ефикасни и еколошки извори на енергија, како што е чипс (иверки) добиен од дрвен отпад од шумарството и дрвната индустрија. Според последниот попис во Република Македонија, над 70% од домаќинствата користат огревно дрво како извор за греење. Само 2% од домаќинствата имаат инсталирано централно греење, и огревното дрво, главно, се користи на традиционалниот начин на греење со печки. Овој начин на греење често не е ефективен, и покрај неефикасноста, се карактеризира со губење време поради други операции.



Шумите во Македонија, според сопственоста, се поделени на државни и приватни шуми. Приватните шуми зафаќаат околу 10% од вкупниот шумски фонд. Во моментов има околу 55 000 регистрирани сопственици на приватни шуми. Сопствениците на приватни шуми обично се дел од населението што живее во руралните области на земјата. Во овие области можностите за остварување приходи и вработување се пониски отколку во урбаните средини.
Илјада и четиристотини сопственици на приватни шуми се организирани во Националното здружение на сопственици на приватни шуми (НЗСПШ). НЗСПШ има цел да придонесе за севкупниот развој на шумарството. Една од долгорочните цели на НЗСПШ е одржливо управување со приватните шуми.
За таа цел НЗСПШ сака да придонесе за подобро искористување на огревното дрво преку инсталација на парно греење што ќе работи на чипс добиен од дрвен отпад. НЗСПШ верува дека реализацијата на овој проект ќе отвори нови можности за работа во шумарството во Република Македонија. Практиката покажа дека по шумските операции, во шумите остануваат големи количества биомаса неискористени. Голем процент од сопствениците на приватни шуми не го доживуваат ова како извор на финансии и како обновлив извор на енергија.
Затоа спроведувањето на овој проект, освен користењето на биомаса како извор на енергија, ќе придонесе за намалување на емисиите на $CO_2$ и зголемување на приходите што доаѓаат од производи добиени од дрво, особено од приватните шуми.
Идејата на овој проект е да го замени постојниот систем за греење во училиштето во селото Двориште - Општина Берово, каде што сега како извор на енергија се користи фосилно гориво. Замената ќе се реализира преку инсталирање на систем кој работи на дрвен чипс, кој ќе биде произведен со посветеноста на членовите на НЗСПШ.
Со завршувањето на проектот, директно ќе се намалат емисиите на $CO_2$ за 16,14 тона/година. Како партнери во овој проект, покрај НЗСПШ и ГЕФ - ПМГ, се јавуваат и СНВ (Холандска развојна организација) и Општина Берово.
СНВ се покажа како голем поддржувач на НЗСПШ во минатото, а сега преку својата поддршка во подготовката на овој проект. Некои од вработените ќе бидат ангажирани како експерти за: избор на најдобрите понуди, обука на оператори, производство на дрвен чипс, информирање на јавноста за проектот и можностите што произлегуваат од овој проект, следење на работата и ефикасноста на котелот.
Општина Берово со финансиска помош ќе придонесе за овој проект. Нивната улога на долг рок може да се покаже како клучна во промовирањето на проекти од оваа област.
Проектот е одржлив, бидејќи тоа носи заштеда од неколку илјади долари, што ќе биде поттик и за други субјекти во истата општина и во други општини да се реплицира овој проект.
Овој проект е еден од ретките што ќе обезбеди приход за НВО и за руралното население (сопствениците на приватни шуми, сопствениците на мали пилани) преку продажба на дрвен отпад или шумски отпад што останува по примарната преработка на дрвото. Исто така, обезбедува бенефиции за локалната заедница во намалувањето на трошоците за греење и намалување на емисиите на $CO_2$ (здрава животна средина).

## 3.6.

**Наслов на проектот**

# „Ублажување на климатските промени преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор“

**Имплементиран од:**

Министерството за животна средина и просторно планирање /
Проектна единица на УНДП

**Главна цел**

Придонесување во процесот на намалување на потрошувачката на енергија во јавни згради, во регулирањето на загубите на енергија и емисиите на стакленички гасови и во зголемувањето на енергетската независност на земјата.

**Резиме на проектот**

РЕЗУЛТАТИ:

- изработка на климатолошка база за потребната пресметка на енергетските карактеристики на јавните објекти и климатска карта за државата;
- изработка на инвентар за јавни објекти;
- изработка на софтверот ExCITE за енергетски мониторинг;
- партнерство со приватниот сектор;
- зголемена јавна свест, капацитети и знаење за енергетската ефикасност и за мерките за заштеда на енергија во градежни објекти на локално ниво;
- реконструкција на еден демонстративен јавен објект со примена на оптимизирани мерки за енергетска ефикасност;
- портал за енергетска ефикасност (www.eeportal.mk).

**Временска рамка**

септември 2009 г. - март 2012 г.

**Донатор**

Австриска развојна кооперација

**Буџет**

350.000 евра




**Повеќе информации**

Од јули 2011 година нова вредна алатка за енергетска ефикасност им е на располагање на централната и на локалната власт. Софтверот наречен ExCITE (акроним за External Climate and Inventory Tool for Energy Efficiency) ќе овозможи редовно следење на потрошувачката на енергија во сите јавни згради низ целата земја. Општините ќе можат поефикасно да управуваат со својата потрошувачка на енергија и да генерираат буџетски заштеди што можат да бидат пренасочени за да се исполнат приоритетите и потребите на граѓаните. Здружението на единиците на локалната самоуправа во земјата (ЗЕЛС) ќе го одржува софтверот бесплатно, како услуга за општините. Претходно немаше евиденција на сите јавни згради под општинска надлежност, ниту, пак, мониторирање на потрошувачката на енергија во повеќето општини. Локалните власти го осознаа потенцијалот на софтверот и го користат за енергетски мониторинг. Исто така, проценката на податоците од софтверот ExCITE откри потенцијал за обнова на јавни објекти со мерки за подобрување на енергетската ефикасност и потенцијал за намалување на емисиите на $CO_2$ во градежниот сектор.

Со поддршка на проектот, направен е чекор напред со изработката на локални програми за енергетска ефикасност за три општини, во согласност со најновите измени во Законот за енергетика, кои служат како пример за другите општини.

Демонстрациониот проект во Општина Аеродром, реновирање на градинката „Срничка-Калинка“ со енергетски ефикасни мерки, овозможува околу 54% заштеда на тековната потрошувачка на енергија. Истите мерки лесно може да се повторат и во други детски градинки и училишта, покажувајќи потенцијал за намалување на (или забавување на порастот на) потрошувачката на енергија и на емисиите на $CO_2$ во градежниот сектор.

Подготвен и промовиран е корисен „Водич за обнова на јавните објекти со мерки за енергетска ефикасност“, придонесувајќи за значајни заштеди на енергија од страна на репликација на слични мерки.

3.7.

Наслов на проектот

## „Трансфер на анаеробна дигестор технологија за енергетски ефикасно земјоделство“

Имплементиран од:

„Фагриком“, Скопје

Главна цел

Проектот има цел да воведе технологија која користи обновливи извори на енергија, а во исто време е атрактивна и економски исплатлива на ниво на фарма. Анаеробниот дигестор е еден од неколкуте третмани што го намалуваат штетното влијание од животинскиот отпад врз животната средина и создаваат енергија.
Со воведување на метан дигестор технологија на пилот-фарма, проектот ќе служи како демонстративна локација за презентација на оваа технологија на македонските земјоделци.



Резиме на проектот

Проектна локација е Казненопоправната установа „Идризово“, најголемата установа од ваков вид во земјава, со околу 1300-1400 осуденици годишно, лоцирана на 20 км од главниот град на Македонија, Скопје.
Инсталацијата на анаеробен метан дигестор на пилот-фарма (КПУ „Идризово“) има цел да третира животински отпад и друг органски отпад (слама, сено) создаден во шталите. Создадениот биогас ќе се користи за производство на електрична енергија и топлина, со што потенцијално би се намалиле трошоците за енергија и топлина, првенствено во делот на млекарницата.

Преку воведување иновативна технологија која помага во справувањето со еколошките проблеми, проектот дејствува во насока на намалување на емисијата на стакленички гасови, намалување на загадувањето на воздухот и водата и намалување на потрошувачката на електрична енергија од централната електрична мрежа.

Посебен акцент проектот ќе стави на интегрираното управување со фарма и вклучување на осудените лица во процесот на практично надоградување за одржливи земјоделски практики и управување со животната средина, како нивна почетна точка во натамошната интеграција во општеството.
Проектот користи принцип на „модел-фарма“ и служи како показателна инвестиција за ширење и популаризација на соодветните технологии за обновливи извори на енергија на фармите меѓу сточарскиот сектор во Република Македонија, со што се овозможува создавање на поволна клима за користење и примена на овие технологии.

Временска рамка

декември 2010 г. - јуни 2012 г.

Донатор

Министерство за надворешни работи на Кралството Норвешка

Буџет

312.610 евра

Повеќе информации

Имплементациона агенција: „Фагриком“, здружение за земјоделски маркетинг и рурален развој.
Имплементационен партнер: „Норгесвел“, кралско норвешко друштво за развој.

# 3.8.

**Наслов на проектот**

# Агроенергија

**Имплементиран од:**

ЦеПроСАРД - Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој

**Главна цел**

Да промовира одржливи практики за користење на обновливи извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност на фармите и другите ентитети во руралните подрачја во Република Македонија.

**Резиме на проектот**

Овој проект ги поврзува земјоделството и руралните средини со обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност, на начин што е достапен и применлив за фармерите.
Реализацијата на втората фаза од проектот „Агроенергија“ (фазата на имплементација) се спроведува преку следниве активности:

1. Пилотирање - поставување на демонстративни пилот-единици - фарми, за искористување на обновливите извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност. Пилот-единиците се резултат на истражувањата што беа спроведени во текот на првата фаза на проектот и ќе служат како мали центри за обуки каде што фармерите ќе имаат можност да се запознаат со технологијата и процесите за најдобро искористување на обновливите извори на енергија и придобивките од подобрувањето на енергетската ефикасност на фармите во руралните средини.

2. Обука и промоција - воспоставување на тренинг-центар што ќе се користи за обуки со цел да придонесе кон проширување на примената на овие практики во земјоделството и во руралните средини. Ќе бидат изработени тренинг-модули со специфична методологија, прирачници, едукативни пакети, со кои земјоделците, како и другите засегнати субјекти и институции ќе се обучуваат како да ги воведуваат обновливите извори на енергија и како да ја подобрат енергетската ефикасност на фармите. На самиот тренинг-центар ќе биде инсталирана опрема за искористување на обновливите извори на енергија и на тој начин практично ќе може да се види искористувањето на обновливите извори на енергија. Исто така, тренинг-центарот ќе биде изграден во согласност со сите најдобри достапни техники и критериуми за изградба на енергетски ефикасни објекти. Во тренинг-центарот, обуките и информативните материјали ќе бидат достапни за сите заинтересирани субјекти.

3. Јакнење на институциите - јакнење на релевантните институции како активност во проектот „Агроенергија“ ќе се спроведе со цел да се олесни хармонизирањето на програмите и мерките за поддршка на ваквите практики во согласност со Европските стандарди и критериуми. Со серија конкретни активности насочени директно кон институциите ќе се придонесе кон развој на политиките, во согласност со националната програма за усвојување на европските регулативи во оваа област.

4. Вмрежување - претставува активност со која ќе се изврши јакнење на веќе воспоставената мрежа на субјекти активни во овој сектор, која ги вклучува фармерите, советниците, доставувачите на опрема, институциите и другите организации активни во оваа област. Оваа активност ќе се оствари преку создавање платформа за размена на знаења и искуства. Преку активностите на проектот, мрежата ќе се формализира на национално ниво, а во наредните години ќе се прошири на регионално ниво, при што ќе се воведат постојани канали за информирање на членовите и на пошироката јавност. Исто така, ќе се организираат соодветни настани за сите корисници: фармери, рурални заедници, институции, финансиски институции, организации, училишта, медиуми и др.

**Временска рамка**

октомври 2010 г. - декември 2012 г.

**Донатор**

Sida

**Буџет**

1.062.544 евра

**Повеќе информации**

www.ceprosard.org.mk



# 3.9.

## „Енергетска ефикасност за секторот домување“

| | |
|---|---|
| Наслов на проектот | „Енергетска ефикасност за секторот домување“ |
| Имплементиран од: | „Хабитат-Македонија“ |
| Главна цел | Подобрување на енергетската ефикасност во секторот домување во Македонија, подигање на јавната свест за резиденцијалната енергетска ефикасност и за потенцијалот што го има за отворање нови бизниси и работни места. |
| Резиме на проектот | Проектот на УСАИД и „Хабитат-Македонија“ за енергетска ефикасност за секторот домување претставува тригодишна иницијатива за обезбедување поддршка, промовирање и имплементација на мерки за подобрување на енергетската ефикасност во колективни станбени згради со домаќинства со ниски приходи. Проектот ќе се спроведува во седум општини во Македонија (Карпош, Велес, Прилеп, Струмица, Куманово, Тетово и Струга), преку четири компоненти од различни области:<br>Компонента А: Развивање и тестирање на пазарни модели за енергетски ефикасни реконструкции во станбени објекти.<br>Проектот преку давање заеми на заедниците на сопственици или на индивидуалните сопственици на станови, ќе финансира мерки за енергетска ефикасност во колективни станбени објекти. Овие мерки (промена на прозорци и балконски врати и поставување на термофасада) ќе им помогнат на домаќинствата да ги намалат трошоците за енергија и да ги подобрат условите за живот. Давањето заеми ќе биде извршено преку создавање обновлив фонд, кој во иднина ќе се користи за подобрување на енергетската ефикасност во други згради.<br>Компонента Б: Подобрување на управувањето со зградите.<br>Проектот ќе работи во насока на поддржување на имплементацијата на новиот закон за домување преку организирање обуки за заедници на сопственици за зајакнување на своите капацитети за управување со зградите. Наедно компонентата вклучува и воспоставување на интернет-портал - ресурсен центар за станари, достапен на сите заедници на сопственици во Македонија.<br>Компонента Ц: Поттикнување на инвестиции, претприемништво и создавање работни места за енергетска ефикасност.<br>Инвестициите, претприемништвото и создавањето работни места во секторот ќе се поттикнуваат преку обуки за различни целни групи (ученици, невработени градежни работници, енергетски контролори и претприемачи).<br>Компонента Д: Воспоставување на широка општествена платформа која ќе се застапува за енергетски ефикасно користење на „чиста“ енергија и за вклученост на државните институции во секторот домување. |
| Временска рамка | април 2011 г. - април 2014 г. |
| Донатор | Американска агенција за меѓународен развој (УСАИД) |
| Буџет | 1.865.000 американски долари |
| | Проектот е имплементиран од Здружението за хумано домување „Хабитат-Македонија“. „Хабитат-Македонија“ учествува во проектот со вкупно 165.000 американски долари. Штедилницата „Можности“ е партнер на проектот и учествува со 200.000 американски долари. |



# 3.10.

## „Намалување на климатските промени - предуслов за здрав живот“

| | |
|---|---|
| Наслов на проектот | „Намалување на климатските промени - предуслов за здрав живот“ |
| Имплементиран од: | Здружение на граѓани „Утро“, Ново Село |
| Главна цел | Намалување на штетните гасови врз животната средина и преземање мерки за енергетска ефикасност. |
| Резиме на проектот | Намалување на климатските промени и штетното влијание од живините и натриумовите улични светилки со замена на дел од уличните светилки во населбата Сушица и парковските светилки во општинскиот центар на Ново Село. Дополнителните проектни активности вклучуваат и едукација на граѓанскиот и приватниот сектор и на локалната самоуправа за важноста за намалувањето на штетните гасови врз животната средина и потребата за енергетска ефикасност. |
| Временска рамка | декември 2011 г. - декември 2012 г. |
| Донатор | ГЕФ - ПМГ |
| Буџет | 25.564 американски долари |
| Повеќе информации | Проектот е спроведуван во соработка со Општина Ново Село, која учествува во проектот со 12.500 американски долари. |

# 3.11.

Наслов на проектот

## „Експериментално производство на биодизел во Источна Македонија на земјоделски површини загадени со тешки метали - 2“

Имплементиран од:

Земјоделско здружение „Машински круг“, Пробиштип

Главна цел

Заштита и унапредување на животната средина преку експериментално производство на биодизел на земјоделски површини загадени со тешки метали.

Резиме на проектот

Заштита и унапредување на животната средина, преку деконтаминација на 20 хектари земјоделски површини (дел од 750 хектари загадени со тешки метали). Од засадените маслодајни култури (маслодајна репка, рицинус, сончоглед) ќе се произведува биодизел-гориво и на тој начин ќе се обезбеди повеќекратен ефект: производство на биодизел за земјоделските машини, деконтаминација на загаденото плодно земјиште и намалување на трошоците на земјоделците.

Временска рамка

март 2012 г. - септември 2013 г.

Донатор

ГЕФ - ПМГ

Буџет

24.993 американски долари

Повеќе информации

Проектот е спроведуван во соработка со „Агрожито“ ДОО Пробиштип, која учествува во проектот со 11.727 американски долари, и со Општина Пробиштип, која учествува со неготовински средства во висина од 14.794 американски долари.



# 3.12.

Наслов на проектот

## „Заокружување на енергетската ефикасност на ОУ 'Гоце Делчев' - Василево“

Имплементиран од:

Здружение на граѓани „Роса“, Василево

Главна цел

Заштеда на енергија преку искористување на обновливите извори на енергија и преземање мерки за енергетска ефикасност.

Резиме на проектот

Намалување на потрошувачката на електрична енергија и минерално гориво со искористување на обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност преку монтирање на сончев модул и замена на светлосните тела и вратите со механизми за затворање во ОУ „Гоце Делчев“ од Општина Василево. Проектот планира, преку едукативни работилници и печатени материјали, да влијае на подигање на свеста на граѓаните за климатските промени, за заштедата на енергија и за придобивките од користењето на обновливи извори на енергија.

Временска рамка

март 2012 г. - септември 2013 г.

Донатор

ГЕФ - ПМГ

Буџет

25.970 американски долари

Повеќе информации

Проектот се спроведува во соработка со Општина Василево, која учествува со 12.557 американски долари во готовина и 7.698 американски долари во неготовински средства.

## 3.13.

**Наслов на проектот**

# „Промовирање на обновлива енергија преку енергетски ефикасни мерки за подобра животна средина во Општина Зрновци“

**Имплементиран од:** Здружение за рурален развој „Јавор“, Зрновци

**Главна цел**

Зголемување на употребата на обновливи извори на енергија и преземање мерки за енергетска ефикасност.

**Резиме на проектот**

Намалување на трошоците за енергија во јавните објекти во Општина Зрновци и намалување на емисијата на $CO_2$ преку поставување сончев колекторски систем за затоплување и догревање на водата за парно греење во училиштето ЦОУ „Синиша Стоилов“ во Зрновци, вградување на мерно-регулациска опрема и опрема за автоматска контрола на системот за греење во училиштето, одржување обуки на волонтери за изработка и поставување сончеви системи, изработка на печатен едукативен материјал за енергетска ефикасност и користење на обновливи извори на енергија, како и медиумска промоција на проектот преку средствата за јавно информирање.

**Временска рамка**

декември 2011 г. - декември 2012 г.

**Донатор**

ГЕФ - ПМГ

**Буџет**

19.470 американски долари

**Повеќе информации**

Проектот се спроведува во соработка со Општина Зрновци, која учествува со 8.950 американски долари во готовина и 2.283 американски долари во неготовински средства.



## 3.14.

**Наслов на проектот**

# „Енергетска ефикасност во Општина Виница“

**Имплементиран од:** Здружение на жени земјоделки „Агро Винка“, Виница

**Главна цел**

Заштита на животната средина преку примена на методи и техники за енергетска ефикасност и употреба на обновливи извори на енергија во Општина Виница.

**Резиме на проектот**

Со предлог-проектот се планира намалување на продукцијата на $CO_2$ преку примена на методи и техники за енергетска ефикасност со термоизолација и интервенција во електричното осветлување и замена на необновливите извори на енергија со обновливи (биодизел-гориво) во ОЈУДГ „Гоце Делчев“, Виница. Проектните активности ќе бидат придружени и со организирање на обука на волонтери, со цел искуството да го искористат за започнување мали бизниси, и ќе се влијае на подигање на свеста преку едукативните материјали.

**Временска рамка**

мај 2012 г. - април 2013 г.

**Донатор**

ГЕФ - ПМГ

**Буџет**

24.665 американски долари

**Повеќе информации**

Проектот се спроведува во соработка со Општина Виница, која учествува со 12.765 американски долари во готовина, и со ОЈУДГ „Гоце Делчев“, Виница, која учествува со 11.500 американски долари во готовина.

# 3.15.

**Наслов на проектот**

## „Преку енергетска ефикасност до енергетски ефикасна општина“

**Имплементиран од:**

Здружение на граѓани „Регионален центар за застапување“, Делчево

**Главна цел**

Преземање на енергетски ефикасни мерки заради намалување на загадувањето на животната средина и намалување на трошоците за енергија за јавното осветлување во Општина Делчево.

**Резиме на проектот**

Преземање на енергетски ефикасни мерки заради намалување на загадувањето на животната средина, особено со стакленички гасови со намалување на емисијата на $CO_2$ од јавното осветлување во с. Тработивиште и намалување на трошоците за енергија за јавното осветлување во Општина Делчево. Производството на електрична енергија ќе биде реализирано преку старо динамо, кое постоело во селото пред 60 години и за чие ставање во функција е потребно репарирање, реконструкција на просторијата, како и обнова на селскиот јаз - канал за вода која го придвижува динамото и која помага во производството на електрична енергија. Со спроведувањето ќе се добие електрична енергија за јавното осветлување во с. Тработивиште, ќе се искористи водата како потенцијал за добивање електрична енергија, ќе се добијат количества вода од селскиот јаз за наводнување на дворните површини, а ќе бидат работно ангажирани дел од невработените лица во локалната заедница. Дополнително ќе се обезбеди заштеда на електрична енергија од буџетот на Општината и ќе се обнови еден објект што со своето работење ќе придонесе за зголемување на посетеноста и за развој на туризмот во с. Тработивиште.

**Временска рамка**

февруари 2012 г. - јануари 2013 г.

**Донатор**

ГЕФ - ПМГ

**Буџет**

29.677 американски долари

**Повеќе информации**

Проектот се спроведува во соработка со Општина Делчево, која учествува со 12.780 американски долари во готовина и 9.490 американски долари во неготовински средства.



# 3.16.

**Наслов на проектот**

## „За енергетски ефикасни училишта“

**Имплементиран од:**

Здружение на граѓани „Ековита“, Скопје

**Главна цел**

Преземање на енергетски ефикасни мерки заради намалување на загадувањето на животната средина, како и заради намалување на трошоците за осветлување во јавните објекти во Општина Арачиново.

**Резиме на проектот**

Енергетски ефикасни мерки заради намалување на загадувањето на животната средина, особено со стакленички гасови со намалување на емисијата на $CO_2$ од јавните објекти во Општина Арачиново, како и намалување на трошоците за осветлување во јавните објекти во Општина Арачиново. Главните проектни активности ќе се спроведат во двата објекта на ОУ „Ѓерѓ Кастриоти Скендербеу“ - Арачиново, каде што ќе се изврши замена на постојните стари неефикасни светилки со поставување на 470 енергетски ефикасни неонски светилки и со цел да се намалат трошоците за осветлување, ќе се постават на пет рефлектори со сензор на влезните врати од објектите.

**Временска рамка**

декември 2011 г. - мај 2013 г.

**Донатор**

ГЕФ - ПМГ

**Буџет**

28.715 американски долари

**Повеќе информации**

Проектот се спроведува во соработка со Општина Арачиново, која учествува со 8.876 американски долари во готовина.

## 3.17.

| | |
|---|---|
| Наслов на проектот | „Крива Паланка - енергетски ефикасна општина - успешна општина“ |
| Имплементиран од: | Регионален центар за одржлив развој - Кратово |
| Главна цел | Преземање на енергетски ефикасни мерки и реализирање на обуки за енергетска ефикасност заради намалување на загадувањето на животната средина во Општина Крива Паланка. |
| Резиме на проектот | Намалување на загадувањето на животната средина, особено со стакленички гасови, и преземање на енергетски ефикасни мерки со поставување на енергетски ефикасни светилки за улично осветлување и поставување на штедливи светилки во неколку институции на Општина Крива Паланка. Проектот вклучува и развој на капацитетите преку обуки за примена на техниките на енергетска ефикасност, како и медиумска промоција на проектот преку средствата за јавно информирање и пренесување на позитивни искуства во четири општини во североисточниот дел на Р. Македонија. |
| Временска рамка | февруари 2012 г. - јануари 2013 г. |
| Донатор | ГЕФ - ПМГ |
| Буџет | 18.409 американски долари |
| Повеќе информации | Проектот се спроведува во соработка со Општина Крива Паланка, која учествува со 7.826 американски долари во готовина и 750 американски долари во неготовински средства. |



# 4.

Достапни кредитни линии за **инвестиции** во опрема за искористување на обновливите извори на енергија ОИЕ и подобрување на енергетската ефикасност ЕЕ

# 4.1. Македонска банка за поддршка на развојот ЕИБ (кредитна линија за енергетска ефикасност)



## Име на институцијата:

Имплементатор: Македонска банка за поддршка на развојот
Извор: ЕИБ (Европска инвестициска банка)
Реализација: преку 11 домашни банки учеснички

## Што нуди производот?

Кредит за поддршка на проекти од областа на енергетиката до 6.000.000 евра.

## Која е предноста на овој производ?

- Ниска и фиксна каматна стапка од само 5,5% годишно;
- долг рок на отплата до 8 години и вклучен грејс-период до 2 години.

## За кого е наменет?

За сите претпријатија што сакаат да инвестираат во проекти од оваа област, независно од големината и бројот на вработените.

## Услови што треба да ги исполнува фирмата:

- да има доставено издржан проект;
- проектот да не влегува во групата на забранети проекти (нееколошки проекти, клонирање, лизинг, производство на оружје, коцка и сл.).

## Како да се пристапи до него?

Потребна документација:

- барање и
- инвестициска програма за проектот.

## Контакт:

ХАЛКБАНК АД - СКОПЈЕ
кредитирање: 02/3240-830
централа: 02/3240-800
интернет-страница: www.halkbank.mk
имејл: halkbank@halkbank.mk

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД - СКОПЈЕ
кредитирање: 02/3107-334
централа: 02/3107-107
интернет-страница: www.kb.com.mk
имејл: contact@kbnet.com.mk

ОХРИДСКА БАНКА АД - ОХРИД
кредитирање: 02/3203-717
централа: 046/206-600
интернет-страница: www.ob.com.mk
имејл: obinfo@ob.com.mk

СТОПАНСКА БАНКА АД - БИТОЛА
кредитирање: 047/207-522
централа: 047/207-500
интернет-страница: www.stbbt.com.mk
имејл: stbbt@stbbt.com.mk

УНИ БАНКА АД - СКОПЈЕ
кредитирање: 02/3286-025
централа: 02/3286-100, 02/3111-111
интернет-страница: www.unibank.com.mk
имејл: info@unibank.com.mk

ТТК БАНКА АД - СКОПЈЕ
кредитирање: 02/3236-456, 02/3236-459
централа: 02/3236-400
интернет-страница: www.ttk.com.mk
имејл: ttk@ttk.com.mk

ПРОКРЕДИТ БАНКА АД - СКОПЈЕ
кредитирање: 02/3219-927
централа: 02/3219-900
интернет-стр: www.procreditbank.com.mk
имејл: info@procreditbank.com.mk

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
кредитирање: 02/3295-524
централа: 02/3295-295
интернет-страница: www.stb.com.mk
имејл: sbank@stb.com.mk

МБПР (за информации)
ул. „Вељко Влаховиќ“, бр. 26, Скопје
кредитирање
тел.: 3115-844, л. 115, 224, 123
факс: 389/02/3239-688
имејл: info@mbdp.com.mk

ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД - СКОПЈЕ
кредитирање: 02/3212-237
централа: 02/3249-302
интернет-страница: www.ccbank.mk
имејл: info@ccbank.mk

НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
кредитирање: 02/5100-638
централа: 02/5100-610
интернет-страница: www.nlbtb.com.mk
имејл: tbanka1@tb.com.mk

ШПАРКАСЕ БАНКА - МАКЕДОНИЈА
кредитирање: 02/3200-528
централа: 02/3200-500
интернет-страница:
www.sparkasse.com.mk
имејл: contact@sparkasse.com.mk

# 4.2. Програма за финансирање на одржлива енергија за Западен Балкан (WeBSEFF)

## Име на институцијата:

Имплементатор: ЕЗ Интернационал, ДАИ и МАЦЕФ
Извор: Европска банка за обнова и развој (ЕБОР) со поддршка на Европската комисија (ЕК)

Реализација: преку три домашни банки учеснички

## Што нуди производот?

Заеми за индустриска енергетска ефикасност и обновлива енергија, бесплатна техничка помош, надоместување на дел од инвестицијата по успешно реализиран проект.

## Која е предноста на овој производ?

1. Бесплатна техничка помош од експертски тим за заемобарателите и банките учеснички. Два типа експертски тимови што се ангажирани од ЕБОР, а финансирани од проектот:

- експертски тим кој работи со банките учеснички на идентификување на потенцијални клиенти и нудење поддршка на заемобарателите при изготвување на инвестициските проекти;
- верификациски контролор - независни консултанти кои треба да верификуваат дека проектите се завршени во согласност со инвестициските програми.

2. Готовинските грантови што се исплаќаат по успешно завршениот проект се финансирани од ЕК и се плаќаат по следнава шема:

- индустриска ЕЕ: 15% општо, 20% за котли и мали когенеративни постројки;
- обновлива енергија: 20% за инвестиции во обновлива енергија (или 15% доколку се на располагање повластени тарифи);
- комерцијални објекти: 20% општо.

## За кого е наменет?

Секоја фирма може да аплицира за финансирање од WeBSEFF кредитната линија доколку е:

- од приватен сектор (над 51% во приватна сопственост);
- кредитоспособна и економски силна;
- не се занимава со бизнис со оружје или производство на тешки алкохолни пијалаци.

Примери на подобни проекти:

- проектите за енергетска ефикасност (ЕЕ) што ќе резултираат со енергетски заштеди од најмалку 20%;
- проекти дизајнирани да ја унапредат ефикасноста на комерцијални или административни објекти за најмалку 30%; нови градби не се финансираат со овој проект;
- проектите за обновлива енергија (ОЕ) треба да бидат самостојни проекти и мора да го зголемат уделот на производството на енергија од обновливи извори на енергија на фирмата која инвестира.

## Услови што треба да ги исполнува фирмата

Нема посебни услови, освен гореспоменатите. Има ограничување во износот на заемот до најмногу 2.000.000 евра и вкупна вредност на проектот до најмногу 5.000.000 евра.

## Како да се пристапи до него?

За натамошни информации за пријава на проект за финансирање посетете ја веб-страницата www.webseff.com, или контактирајте ја канцеларијата на 02/3090-130 или на 070/383-738 во Скопје.

## Контакт:

ОХРИДСКА БАНКА АД - ОХРИД
кредитирање: 02/3203-729
централа: 046/206-600
интернет-страница: www.ob.com.mk
имејл: obinfo@ob.com.mk

НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
кредитирање: 02/5100-676
централа: 02/5100-610
интернет-страница: www.nlbtb.com.mk
имејл: tbanka1@tb.com.mk

ХАЛКБАНК АД - СКОПЈЕ
кредитирање: 02/3240-844
централа: 02/3240-800
интернет-страница: www.halkbank.mk
имејл: halkbank@halkbank.mk

4.3.

# УСАИД DCA - гарантен механизам за енергетска ефикасност

## Име на институцијата:

Извор: УСАИД DCA - гарантен механизам за енергетска ефикасност
Реализација: преку две домашни финансиски институции

## Што нуди производот?

Поддршка на следниве типови проекти:

- проекти од областа на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија;
- проекти кои имаат цел да ги подобрат инфраструктурата или работењето на општините; или
- подобрување на енергетската ефикасност.

## Која е предноста на овој производ?

УСАИД DCA обезбедува 50% гаранција на финансиската институција - партнер, во случај на лоши пласмани. Вообичаено, финансиската институција одлучува да ги намали барањата за хипотека за клиентот.

## За кого е наменет?

- Кредитоспособни македонски општини, претпријатија кои нудат комунални услуги на општините, овластени со законите што се на сила во РМ да позајмуваат пари и способни да имплементираат проекти од областа на енергетската ефикасност или обновливите извори на енергија;
- кредитоспособни македонски компании за енергетски услуги што не се во државна сопственост и други претпријатија формирани во согласност со законите што се на сила во РМ, кои не се во државна сопственост; или
- домаќинства.

## Услови што треба да ги исполнува фирмата

Условите што треба да ги исполнува фирмата се поставени од финансиската институција.



## Како да се пристапи до него?

Потребната документација можете да ја најдете на веб-страниците на финансиските институции.

## Контакт:

НЛБ ЛИЗИНГ ДООЕЛ - СКОПЈЕ
сектор ризици
Марија Танасоска,
раководител
адреса: Водњанска, бр. 1, МК - 1000 Скопје
тел.: +389 2 5100 241, факс: +389 2 3290 551
имејл: marija.tanasoska@nlblizing.com.mk
www.nlblizing.com.mk

УНИ БАНКА АД - СКОПЈЕ
Татјана Петреска-Котеска,
одговорна на одделот за микрофинансирање
тел.: + 389 2 3286 026; + 389 2 3111 111
моб.: + 389 71 345 878
факс: + 389 2 3224 162
интернет-страница: www.unibank.com.mk
имејл: info@unibank.com.mk



# 4.4. ЕКО-кредит Прокредит банка

## Име на институцијата:

Прокредит банка

## Што нуди производот?

ЕКО-кредити за енергетска ефикасност со кои се овозможува:

- заштеда на енергија;
- поврат на инвестицијата на долг рок;
- поефикасно управување со природните ресурси;
- придонес за здрава околина.

ЕКО-кредитите ги финансираат следниве активности:

- ефикасно осветлување и апарати за домаќинството;
- подобрување на топлинската изолација (изолација на фасади, покриви, тавани, ѕидови и подови, врати и прозорци);
- подобрување на доводот и пренос на топла вода;
- систем за греење и вентилација;
- енергетски ефикасни производни погони;
- пренос на соларна, ветерна и друга обновлива енергија;
- превозни средства што работат на поефикасен моторен погон.

## Која е предноста на овој производ?

- износи според потребата на инвестицијата;
- рок на отплата до 15 години;
- намалена каматна стапка до 2%;
- флексибилно обезбедување;
- советници за ЕКО-инвестиции во секоја експозитура.

## За кого е наменет?

ЕКО-кредитите се наменети за инвестиции во проекти што имаат ефект на заштеда на енергија, зголемување на енергетската ефикасност и намалување на загадувањето на атмосферата со $CO_2$ (јаглерод диоксид). Овие кредити можат да бидат за инвестиции во своите домаќинства и во бизнис-секторот.



## Услови што треба да ги исполнува фирмата:

- позитивно финансиско работење;
- намена на инвестицијата во проект што има ефект на заштеда на енергија, зголемување на енергетската ефикасност и продуктивност или намалување на загадувањето на атмосферата.

## Како да се пристапи до него?

Барањето може да се пополни во која било експозитура на Прокредит банка.

Потребна документација:

- тековна состојба не постара од 6 месеци;
- копија од лична карта од управителот;
- печат од фирма,
- завршна сметка за 2010 година;
- бруто-биланс;
- промет преку жиро-сметка 1000 (преглед по месеци за сите банки);
- синтетички преглед по комитенти на купувачи и доставувачи (120, 220, 121, 221);
- картичка на приходи по месеци;
- аналитички картички на краткорочни и долгорочни кредити;
- договори што се од значење за работењето на претпријатието.

## Контакт:

ПРОКРЕДИТ БАНКА АД - СКОПЈЕ
Владимир Кечовски
кредитирање: 02/3219-927
централа: 02/3219-900
интернет-страница: www.procreditbank.com.mk
имејл: v.kecovski@procreditbank.com.mk

# 4.5. ЕКО ПЛУС-кредит Халк банка

HALKBANK

## Име на институцијата:

Халк банка

## Што нуди производот?

ЕКО ПЛУС-кредитот на Халк банка нуди финансирање на проекти во доменот на енергетската ефикасност и користењето на обновливи извори на енергија, помагајќи им на деловните субјекти во Македонија да ги намалат издатоците за енергија, како и да го намалат испуштањето на јаглерод диоксид.

На пример:

- топлинска изолација (подобрување на фасадата, замена на прозорци и врати);
- извори на топлина (замена на стари бојлери со нови модерни бојлери, соларни системи за топла вода);
- дистрибуција на топлинска енергија (на пр. електронски контролирани пумпи за системи на греење, надворешно/внатр. осветлување);
- користење на обновливи извори на енергија.

## Која е предноста на овој производ?

Можноста за отплата на кредитот преку остварените енергетски заштеди и намалени трошоци. Во врска со финансиската стимулација, посебен верификациски консултант ќе треба да потврди дека проектот е успешно имплементиран.

## За кого е наменет?

Приватни трговски друштва (правни лица), со позитивни финансиски резултати во тековното работење.

## Услови што треба да ги исполнува фирмата

Минимум 6 месеци деловна активност на правниот субјект, позитивни финансиски резултати во тековното работење, позитивен готовински тек, прифатлив степен на задолженост.
За секое поединечно кредитно барање се прави финансиска анализа и проценка на кредитната способност на клиентот во согласност со кредитните политики и процедури на банката.
Минимум заштеда што треба да биде исполнета е 20% заштеда на енергија и/или емисија на $CO_2$.

## Како да се пристапи до него?

Потребна документација:

- тековна состојба на друштвото од Централен регистар на РМ;
- фотокопија од лична карта;
- завршна сметка од 2010 година (биланс на состојба, биланс на успех, посебни податоци) со потврден прием од УЈП;
- аналитички картички на купувачи (1200, 1210) и доставувачи (2200, 2210) заклучно со 31.12.2010 година и последниот датум на книжење;
- аналитички картички на конто 751/752 по месеци за 2011 година;
- аналитички картички на конта за кредити (250/280) заклучно со 31.12.2011 година и последниот датум на книжење;
- бруто-биланс/заклучен лист заклучно со 31.12.2011 година и последниот датум на книжење;
- договори за кредити во други банки, доколку има (копија);
- фактура од доставувачи со детална техничка спецификација на производот;
- податоци за сопственоста на понуденото обезбедување (имотен лист, сообраќајна дозвола и сл.).

Информации за карактеристиките на производот и апликација за кредит можете да најдете на веб-страницата на банката: http://www.halkbank.mk, како и да нè посетите во централата или во филијалите на банката.

## Контакт:

HALKBANK

ХАЛКБАНК АД - СКОПЈЕ
кредитирање: 02/3240-830
централа: 02/3240-800
интернет-страница: www.halkbank.mk
имејл: corporate@halkbank.mk

# 4.6.

## Хабитат-Македонија

Проект на УСАИД и „Хабитат-Македонија“
за енергетска ефикасност за секторот домување

### Име на институцијата:

„Хабитат-Македонија“

### Што нуди производот?

Заеми за аплицирање на мерки за енергетска ефикасност на колективни станбени згради и јакнење на капацитетите за енергетски ефикасно менаџирање на колективните станбени згради.

### Која е предноста на овој производ?

Предноста на овој производ е тоа што нуди сеопфатен пристап во решавањето на проблемите со енергетската ефикасност во колективните станбени згради. Проектниот тим обезбедува целосна техничка поддршка при спроведувањето на активностите (подготовка на техничка документација, спроведување на енергетски контроли пред и по интервенцијата, надзор за време на спроведувањето на активностите, јакнење на капацитетите на станарите/заедниците на сопственици за управување и одржување на зградите и сл.). Производот нуди заеми за аплицирање на мерки за енергетска ефикасност со ниски каматни стапки и рати приспособени на приходите на домаќинствата.

### За кого е наменет?

Производот е наменет за резиденцијалниот сектор, односно за станбени згради за колективно домување што се лоцирани во следниве седум општини: Куманово, Карпош, Тетово, Велес, Прилеп, Струмица и Струга. Во текот на градежната сезона 2012 ќе се работи во општините Куманово, Карпош и Тетово. Во текот на градежната сезона 2013 ќе се работи во општините Струмица, Струга, Прилеп и Велес.

### Услови што треба да се исполнат

За да може да се пријават сопствениците на станови/заедниците на сопственици за добивање заем за аплицирање на мерки за енергетска ефикасност, зградата за која се пријавуваат треба да биде изградена пред најмалку 10 години. Потребно е да постои натпросечна потрошувачка на енергија во зградата и повеќе од 50% од домаќинствата во зградата да се домаќинства со пониски примања (според дефиницијата на „Хабитат“: ниски приходи се приходи под границата од 75% од националниот бруто-приход по глава на жител, поединечно за секој член на семејството).

### Како да се пристапи до него?

Потребно е да се пополни пријава за учество во проектот. По првично искажаниот интерес, се евалуираат пријавите. Во оние згради што ќе влезат во вториот круг ќе се направат дополнителни анкетирања за да се утврди дали целосно ги исполнуваат критериумите.
Http://habitat.org.mk/mkd/povik2.html

### Контакт:

Здружение за хумано домување „Хабитат-Македонија“

Проект на УСАИД и „Хабитат-Македонија“ за енергетска ефикасност за секторот домување

ул. Никола Парапунов, б.б., комплекс Макотекс, 1 кат
п. фах: 407, 1000 Скопје
тел.: 02/3098-050, 3051-918

Координатор на проектот:
Теодора Стефановска
тел.: 072/213-043
имејл: tstefanovska@habitat.org.mk

CeProSARD
info@ceprosard.org.mk
www.ceprosard.org,mk

Sida

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

620.97:620.92(497.7)
620.97:354.1(497.7)

Можности за финансирање и техничка поддршка на инвестиции во обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност во Република Македонија. - Скопје: Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој, 2012. - 61 стр.: илустр.; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4687-04-7

а) Обновливи извори на енергија - Енергетска ефикасност - Македонија
б) Обновливи извори на енергија - Институционална поддршка - Македонија

COBISS.MK-ID 91638026



